Врз основа на член 172 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018“ и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021“) и член 17 од Правилникот за критериумите, условите, правилата и постапката за избор во наставни, наставно-стручни звања и демонстратори на БАС распишува

**КОНКУРС**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПРОФЕСОР ВО НАСТАВНАТА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС**

1 Наставник во наставно звање професор во наставната област Менаџмент и бизнис, со полно работно време.

Освен општите услови предвидени во ЗВО, кандидатот треба да ги исполнува и условите за избор во наставно звање професор предвидени во Правилникот за критериумите, условите, правилата и постапката за избор во наставни, наставно - стручни звања и демонстратори на БАС:
1) Да има научен степен доктор на науки;
2) Да има објавено научни и стручни трудови по изборот за виш предавач на висока стручна школа во соодветната област
3) Да има остварено просечен успех од најмалку 8.00 (осум) на студиите од прв и втор циклус за секој циклус посебно;
4) Покажува способност за наставна и високостручна работа по изборот виш предавач. Односно, да има добиено позитивна оценка (не помала од 3 на скала од 1 до 4) при семестралната евалвација за квалитетот и изведбата на наставникот за време на наставата.
5) Да има учествувано на стручни, научни собири (симпозиуми, конференции и сл.) и други настани (форуми, трибини, панели, дебати и сл.) организирани од страна на БАС.

Кандидатот кој ќе биде избран ќе работи со полно работно време од понеделник до петок. Распоредот на работното време се утврдува со распоредот на настава. Платата се утврдува согласно Правилникот за систем на плати и награди на БАС. Изборот ќе се изврши во рок од најмногу 6 месеци од денот на објавување на конкурсот.

Кандидатите потребно е да поднесат: пријава, биографија, мотивационо писмо, доказ за завршено соодветно образование, уверение за државјанство, список на објавени стручни и научни трудови, по еден примерок од трудовите, одлука за последен избор во звање, како и други документи значајни за изборот. Документите може да се достават по e-mail на gordana.tasevska@bas.edu.mk, по пошта или лично во БАС, на ул. „Херцег Нови“ бр. 6 Битола. Лице за контакт: Директор Проф. д-р Гордана Тасевска, 070 398 030.

**Конкурсот трае 8 (осум) дена од денот на објавувањето**